ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков ББ
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: + 389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 15 – 322/8

Дата: 17.05.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Министерство за правда за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Министерство за правда за 2016 година ревизијата изрази мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерство за правда за 2011 година, при што овластениот државен ревизор изрази мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Во февруари 2013 година извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките од Конечниот извештај на Министерство за правда за 2011 година за оваа сметка, при што е констатирано дека Министерство за правда направило напредок во спроведувањето на дадените препораки кои се однесуваат на: безбедноста на чување и достапност на податоците во случај на хаварија, преземени мерки за сметководствено евидентирање на опрема, донесени одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари со кои располагаат други државни институции, започнати постапки за утврдување на правниот статус на објекти и нивно соодветно евидентирање, спроведен делбен биланс со органите кои стекнале правен статус, склучени договори за делба на трошоците кои произлегуваат од заедничко користење на деловен простор, преземени мерки за обуки согласно склучени договори.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерство за правда за 2016 година констатирано е дека:

- на крајот на известувачкиот период, Комисијата за попис констатирала нецелосно извршен попис на средствата и обврските и постоење на опрема која не е вклучена во сметководствената евиденција и за истото во пописниот елаборат ги навела причините;
- во деловните книги за дел од градежните објекти не се обезбедени уредни и веродостојни документи за потврдување на нивната вредност;
- поради ненавремено воспоставена сметководствена евиденција, дел од фактурите за 2016 година се евидентирани во наредната година;
- преземени се обврски за исплата на средства за формирање на ПИАЦ без поседување на сигурни и веродостојни податоци за исполнетост на условите;
- утврдени се неправилности поврзани со платите, содржината на персоналните досиеја, начинот на оценување и обучување на административните службеници;
- констатирани се неправилности во начинот на трошење на средствата за гориво и репрезентација;
- при реализацијата на активностите од страна на Комисијата за воедначување на казнената политика и Комисијата за изготвување на граѓанскиот законик не се постапувало согласно основните акти кои го уредуваат начинот на нивното работење;
- преземени се обврски без спроведување на постапки за јавни набавки и несоодветно е употребен критериум во начинот на докажување на техничката и професионалната способност во постапките за јавна набавка.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Во делот на извештајот - Останати прашања даден е осврт на дел од законската регулатива, за која со ревизијата утврдивме потреба од определени измени и дополнувања во нивни одредби, се со цел нивно усогласување, уредување и прецизирање.

Во овој дел од извештајот подетално и хронолошки ги опишавме градежните активности поврзани со градењето на нова судска зграда за Кривичниот суд на Република Македонија и реконструкцијата и адаптацијата на северната фасада и реконструкцијата и доградбата на дел од просториите на објектот на Министерство за правда кои се завршени во 2016 и почетокот на 2017 година.

Законскиот застапник на министерството за правда на ден 02.04.2018 година достави забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година за сметката на основен буџет (637) на Министерство за правда број 15–332/1 од 28.02.2018 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-332/7 од 02.04.2018 година. Истите овластениот државен ревизор ги разгледа и констатира дека од вкупно дадени 15 забелешки 10 не се прифатени, 2 забелешки се прифатени и 3 забелешки претставуваат известување за причините за утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 27 до 29 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Министерство за правда, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерство за правда за 2011 година, при што ревизијата изрази мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Министерство за правда застапувано од:

- д-р Аднан Јашари – министер до 05.04.2016 година и
- Валдет Џафери – министер од 05.04.2016 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за

планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01/09/2017 до 31/12/2017 година кај Министерство за правда од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2013 година извршена е ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2011 година и издаден е извештај за статусот на спроведување на препораките. Од содржината на презентираните податоци во наведениот извештај, ревизијата констатира дека Министерство за правда направило напредок во спроведување на дадените препораки кои се однесуваат на: разграничување на должностите и одговорностите во извршување на работите, безбедноста на чување и достапност на податоците во случај на хаварија, преземени мерки за сметководствено евидентирање на опрема, донесени одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари со кои располагаат други државни институции, започнати постапки за утврдување на правниот статус на објекти и нивно соодветно евидентирање, спроведен делбен биланс со органите кои стекнале правен статус, склучени договори за делба на трошоците кои произлегуваат од заедничко користење на деловен простор, преземени мерки за обуки согласно склучени договори. Препораките кои биле делумно спроведени или во тек било нивното спроведување истите се спроведени или поради изминат долг временски период изменети се условите за нивно спроведување. Препораката која не била спроведена, се однесува на поефикасно функционирање на судските органи во согласност со ЕСЧП врз основа на утврдена исплата на надомест на штета на лица неоправдано лишени од слобода.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 24 јануари 2018 година.
Законскиот застапник на министерството за правда на ден 02.04.2018 година достави забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година за сметката на основен буџет (637) на Министерство за правда број 15–332/1 од 28.02.2018 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-332/7 од 02.04.2018 година. Истите овластениот државен ревизор ги разгледа и констатира дека од вкупно дадени 15 забелешки 10 не се прифатени, 2 забелешки се прифатени и 3 забелешки претставуваат известување за причините за утврдените состојби.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.1.1. Од страна на Комисијата за попис, извршен е попис на средствата и обврските во Министерството за правда и неговите подрачни одделенија со состојба 31 декември 2016 година, издаден е Извештај за извршениот попис за 2016 година и истиот со решение е усвоен од страна на министерот.

По спроведениот увид во пописниот елаборат од извршениот попис ревизијата утврди дека истиот е детален и содржи констатации кои ги констатирала Комисијата за попис, а кои влијаат на реалното прикажување на позицијата Опрема во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември 2016 година и тоа:

- Во сметководствената евиденција не е евидентирано возило Volkswagen Lupo, кое со Одлука на Владата на Република Македонија во текот на 2009/2010 година е доделено на Министерството за правда. Од вработениот кој бил надлежен да ја разреши настанатата состојба, добиена е усна информација дека бројот на шасијата на возилото е уништен, поради што не е можно возилото да се регистрира и воведе во сметководствената евиденција и за истото потребно е да се изврши хомологација[1]. Исто така, за возилото не беа доставени документи на увид, со образложение дека целокупната документација е во надлежен суд;
- Во сметководствената евиденција не е евидентирана опрема (сервер и софтвер) во вредност од 1.346 илјади денари, која согласно Протокол за соработка со германско друштво за интернационална соработка е добиена како донација. Со записник од декември 2016 година истата била примена за потребите на Сектор за меѓународна правна помош, при што ревизијата беше информирана дека поради слабости во комуникацијата документацијата не била доставена до Сектор за финансиски прашања, за нејзино евидентирање. По спроведениот попис во 2016 година истата била констатирана како вишок и во 2017 година воведена е во сметководствената евиденција;
- Комисијата за попис се обидела да направи попис на опремата (клима уреди, врати, радијатори) која при селењето во 2012 година била однесена во магацинскиот простор во касарната во Ѓорче Петров. Во содржината на Извештајот од извршен попис за 2016 година, наведено е дека опремата првично била сместена во еден магацин, но поради потребите на касарната, истата без присуство на претставник од министерството била пренесена во друг магацин со полоши услови. Во тој магацин опремата била само одложена, не била уредно подредена и дел од неа поради влага е оштетена. Во Извештајот за попис е наведено дека поради непристапноста на просторот, Комисијата не била во можност да спроведе пописни активности,

[1] Хомологација - одобрување на возилото

при што направила само визуелен преглед и фотографирање, а реален попис би можело да се направи само кога истата ќе биде преземена од наведената локација, при што би се утврдила и нејзината употребливост. Слична е состојбата и со пописот на дел од книгите, кои поради селењето биле сместени во магацински простор во АД Славија, односно поради непристапност истиот не можел да биде спроведен;

- Новата зграда на Кривичниот суд во Скопје и опремата која е набавена за судската зграда, во сметководствената евиденција на Министерството за правда се водат како материјални средства во подготовка во вкупен износ од 602.519 илјади денари, бидејќи постапката за воведување на зградата во книгата за недвижности се уште не е завршена. Поради тоа, Комисијата за попис имала обврска на крајот на годината да спроведе попис во зградата на Кривичен суд во Скопје. Во извештајот од попис за 2016 година наведено е дека поради недовршена испорака на мебел во 2016 година, испорачаниот мебел кој не е монтиран и отпакуван, пописната комисија не била во можност да направи попис на истиот. Истовремено, наведени се идните планови на Комисијата за попис за спроведување на вонреден попис заедно со претставници од Кривичен суд во периодот кога опремата ќе биде ставена во употреба.

Комисијата за попис го завршила пописот и укажала на слабостите кои постојат, а кои не се согласно членовите 2 и 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и членовите 10 и 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Дел од наведените состојби влијаат на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември и истовремено претставуваат ризик за начинот на користење на средствата.

**Препорака**

Одговорното лице во Министерство за правда да преземе активности за целосно и навремено евидентирање на опремата, како и обезбедување услови за непречено вршење на попис најмалку еднаш во тековната година.

4.1.2. Согласно решението за усвојување на Извештајот за попис на средствата и обврските во Министерство за правда и подрачните одделенија за 2015 година меѓу другото прифатен е предлог на пописната комисија за расходување на движни ствари со набавна вредност од 1.349 илјади денари, отпишана вредност од 1.312 илјади денари и сегашна вредност во износ од 37 илјади денари, кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат од страна на Министерството за правда. При тоа пописната комисија не дала предлог, а одговорното лице на субјектот не донел одлука за начинот и постапката која треба да се примени за целосно расчистување на утврдениот расход (продажба, размена или транспортирање

на отпад), а дала насоки движните ствари да се избришат од сметководствената евиденција. Отстранување на движни ствари од сметководствената евиденција е можно во случај на кусок/констатирана кражба, отуѓување или давање на подарок на средствата, додека расходуваните средства независно што немаат употребна вредност, треба да останат во сметководствената евиденција, се до нивно физичко отстранување. Горенаведените состојби не се во согласност со членовите 33 и 34 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 42 став 3, 4 и 5 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.
Во 2017 година, надлежните лица од Сектор за финансиски прашања, откако увиделе дека расходуваните движни ствари се уште физички се присутни, презеле мерки за нивно повторно воведување во сметководствената евиденција.

Утврдените состојби имаат влијание на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември 2016 година и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**

Одговорното лица во Министерство за правда да обезбеди законско постапување при утврден расход од страна на Комисијата за попис. Имено, по првично доставен предлог од страна на Комисијата за попис, да донесе одлука за натамошно постапување со расходот, а потоа да осигури примена на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост за негово отуѓување и сметководствено евидентирање на настанатата промена.

4.1.3. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на градежните објекти утврдени се следните состојби:

- Министерство за правда не располага со вистинити и објективни податоци со кои ќе може да ја потврди вредноста на објектите кои се вонбилансно евидентирани - зградата на Врховен суд на Република Македонија[2], зградата во која е сместен ИТ центарот и Централното депо на Министерството за правда (573.175 илјади денари). Податоците искажани во вонбилансната евиденција на финансискиот извештај - биланс на состојба претставуваат историски податоци, наследени од деловните книги кои се воделе во претходните години.

[2] Со Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари од август 2017 година, објектот во кој е сместен Врховен суд на Република Македонија му е даден е на трајно користење без надомест, поради што истиот е отстранет од вонбилансната сметководствена евиденција на Министерство за правда.

- Министерството за правда не располага со документи со кои се обезбедуваат податоци за сопственоста и правото на користење на објектите во кои се сместени подрачните одделенија на министерството (со исклучок на деловните објекти во Демир Хисар, Штип, Неготино и Виница). Во отсуство на документи, не е можно да се преземат активности за определување на вредноста на објектите и нивно сметководствено евидентирање;

Отсуството на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи со кои ќе може да се поткрепат наведените состојби, не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истовремено претставуваат причина поради која ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци на позицијата градежни објекти и вонбилансна евиденција во финансискиот извештај – биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака**

Одговорното лице во Министерство за правда да преземе мерки за обезбедување на :

- реални и веродостојни податоци за објектите, чии вредности не беа потврдени во сметководствената евиденција и
- документи за определување на сопственички статус на објектите во кои се сместени подрачните одделенија.

4.1.4. Врз основа на анализа на сметката Обврски спрема добавувачите, ревизијата утврди дека во сметководствената евиденција и во финансискиот извештај - билансот на состојба на ден 31 декември 2016 година, обврските се искажани во помал износ за 1.277 илјади денари, како резултат на фактури кои се однесуваат за 2016 година, а се евидентирани како обврски во 2017 година. Поголемиот дел од фактурите се примени во министерството во текот на 2016 година, но истите не се благовремено доставени до одделението за сметководство и плаќање, а дел во јануари 2017 година, пред изготвување на годишната сметка. Наведената состојба ги нарушува принципите на ажурност и навременост на евидентирањето на сметководствените настани и нивно хронолошко презентирање, пропишани во член 2 и член 7 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нецелосно искажување на состојбата на обврските спрема добавувачите за 2016 година.

**Препорака**

Одговорните лица да преземат активности за навремено доставување на документацијата до одделението за сметководство и плаќање со цел нивно евидентирање во годината за која се однесуваат.

4.1.5. Согласно член 10-а од Законот за финансирање на политички партии од 01 јануари 2015 година во Буџетот на Република Македонија се обезбедуваат и средства во висина од 280.000 евра во денарска противвредност, за годишно финансирање на Партиско истражувачко – аналитичките центри (во натамошниот текст ПИАЦ), формирани како дел од внатрешната организација на политичката партија. Начинот на формирањето, организацијата, функционирањето и финансирањето на ПИАЦ е определено во Законот за Партиско истражувачко – аналитичките центри[3].

Врз основа на Решение за финансирање на Партиско истражувачко - аналитички центри бр.11-1056/3 од 11.04.2016 година, донесено од страна на министерот за правда, во сметководствената евиденција на Министерството искажана е обврска кон политичка партија во износ од 4.242 илјади денари. Во прилог на донесеното решение, доставен е Статут на политичката партија и Одлука од март 2016 година за формирање на ПИАЦ со кој се докажува дека, истиот е формиран како дел од нејзината внатрешната организација. При тоа не е доставен доказ дека во ПИАЦ има најмалку две вработени лица со полно работно време од кои еден е раководител, што е уредено во член 4 од Законот за Партиско истражувачко – аналитичките центри. Во доставената Одлука, наведени се идните намери на одговорните лица во политичката партија за вработување на две лица.

Од анализата на доставената документација, ревизијата не можеше со сигурност да потврди дека, политичката партија формирала ПИАЦ, кој ги исполнува условите определени со Законот за Партиско истражувачко – аналитичките центри, а со тоа и да ја потврди оправданоста на донесеното решени и евидентираната обврска за исплата на средства.

**Препорака**

Одговорното лице на Министерство за правда, пред да донесе решение за исплата на средства да обезбеди сигурни и веродостојни податоци за формирањето на ПИАЦ од страна на политичката партија, во согласност со законски пропишаните услови кои треба да ги исполни.

**Биланс на приходи и расходи**

4.1.6. Врз основа на извршеното снимање и проверка на функционирањето на процесот на исплата на плати и надоместоци на плати во Министерството за правда, направениот увид во актите за систематизација и организација на работењето, во листите за редовност и дел од персоналните досиеја на вработените, начинот на пресметување, исплата и сметководствено евидентирање на плати и надоместоци на плата, како и анализа на системот за

[3] Закон за Партиско истражувачко – аналитичките центри („Службен весник на РМ" бр.23/2013 и 15/2015)

стручно усовршување и мерење на ефектот на административните службеници ги констатиравме следниве состојби:

- За тројца административни службеници кои засновале работен однос во министерството во месец декември 2013 година, во годината предмет на ревизија, на име бруто плата, исплатени се средства во износ од 892 илјади денари, а за истите не постојат податоци дека биле присутни на работното место и за нив не е спроведено полугодишно и годишно оценување. Од страна на одговорните лица во министерството беше посочено дека едно од лицата е препуштено на работа во друга државна институција, согласно Спогодба за вработување без јавен оглас преку трајно преземање, а двете лица се ангажирани да работат во кабинетот на министерот. Со извршената ревизија на приложените документи утврдивме дека до денот на вршење на ревизијата не е обезбедена согласност од надлежните институции за горенаведената спогодба за трајно преземање, поради што на лицето и понатаму му се исплаќа плата од буџетот на министерството. Лицата ангажирани во кабинетот на министерот своето присуство го евидентираат на интерни списоци за редовност на работно место, кои не се архивски заверени и соодветно одобрени од страна на одговорното лице. Утврдените состојби не се во согласност со член 12 став 1 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 28, 64 и 65 од Законот за административни службеници како и член 30 и член 116 став 7 од Законот за работните односи. Поради горенаведеното ревизијата не беше во можност да потврди дека административните службеници, биле присутни на работните места и редовно ги извршувале обврските кои произлегуваат од работниот однос со што се доведува во прашање оправданоста на исплата на плата и надоместоци на плата;
- Во дел од персоналните досиеја на вработените не е презентиран документ за степенот на образование со кој се стекнал административниот службеник, што би послужил како доказ дека вработените се распоредени на работни места кои соодветствуваат со образованието кое го стекнале;
- Годишно оценување на ефектот на административните службеници не е спроведено до крај согласно законски предвидената постапка. Имено поединечните обрасци за оценување не се архивски заверени, не се соодветно одобрени од страна на одговорно лице и копија од истите не е доставена до административните службеници. Поради горенаведеното не е изготвен и доставен извештај со ранг листа на годишни оцени за сите оценети административни службеници до МИОА. Утврдените состојби не се во согласност со член 65 став 16 и 17 од Законот за административни службеници и
- Со извршениот увид во полугодишните извештаи за реализација на Годишниот план за обуки на административни службеници констатиравме дека голем дел од предвидените обуки не се спроведени,

што не е во согласност со член 54 од Законот за административните службеници.

Наведените состојби создаваат ризик од несоодветна примена на законските прописи со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата, системот за стручно усовршување и мерење на ефектот на административните службеници како и несоодветно користење на средствата.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да ги преземат следниве активности:

- Вработените за кои не постојат податоци дека биле присутни на работното место да се вклучат во процесот на електронско евидентирање на работно време и вршење на работни задачи согласно решенијата за распоредување на работно место;
- Да се направи увид во персоналните досиеја и во оние каде недостасува доказ за стекнат степен на образование на вработените да се дополнат со соодветни документи;
- Годишното оценување на ефектот на административните службеници да се спроведе во целост согласно законски предвидената постапка;
- Да се подигне нивото на соработка со институциите надлежни за спроведување на обуките на административните службеници со цел да се обезбеди повисок степен на реализација на Годишниот план за обуки на административни службеници.

4.1.7. Во текот на 2016 година евидентирани се расходи во износ од 1.226 илјади денари по основ на платени фактури за користење на гориво за службени моторни возила. Со увид во приложената документација ги констатиравме следниве состојби:

- Не е донесен интерен акт/процедура со кој ќе се регулираат, условите, начинот и постапката за користење на службените возила на министерството и
- Во одредени случаи во текот на годината, вршена е набавка на гориво за исто службено возило во два или повеќе наврати во ист ден, а во повеќе случаи во исто службено возило вршени се набавки на гориво во последователни денови. Ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста, објективноста и потребата на настанатите трошоци, бидејќи во министерството не е воспоставена пракса да се водат патни налози при користењето на службените возила во кои ажурно и хронолошки ќе се евидентираат целите, дестинациите и корисниците на возилата.

Поради горенаведените состојби ревизијата не беше во можност да потврди дали извршените набавки на гориво се во согласност со реалните потреби на министерството за вршење на службените работи и создаваат ризик од

неефикасно, несоодветно и нерационално користење на буџетски средства. Горенаведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 7 со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

По завршување на ревизијата, одговорното лице во Министерство за правда изготви Интерна процедура за начинот на користење и одржување на патнички моторни возила за службени цели на Министерство за правда бр.05-1065 од 01.02.2018 година.

**Препорака**

Одговорното лице во министерството да обезбедат услови за целосна примена на процедурата за начинот на користење и одржување на патнички моторни возила за службени цели.

4.1.8. Согласно одредбите од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната[4] уреден е начинот на формирање, состав, мандат и надлежностите на Комисијата за воедначување на казнената политика. Основната цел на Комисијата била грижа за воедначување на казнената политика во изрекувањето на казните, преку предлагање критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната. Комисијата е составена од седум члена кои ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од четири години, со право на повторен избор.

Комисијата со Одлука бр. 08-3885/1 од 26.08.2015 година е формирана од страна на Претседателот на Собранието на Република Македонија. Согласно законските одредби, Комисијата за организирање на начинот на вршење на работата, донесува Статут и Програма за работа за секоја тековна година. Во член 17 од Статутот е пропишано дека членовите на Комисијата имаат право на месечен надоместок за работењето во висина од една просечна месечна бруто плата, исплатена во претходниот месец на ниво на Република Македонија, поради што во 2016 година, по тој основ од сметката на Министерство за правда се исплатени вкупно 2.849 илјади денари. Исплатените парични средства се однесуваат на одржани седници во период од ноември 2015 година - октомври 2016 година. Со увид во законските и подзаконските акти кои се однесуваат на работата на Комисијата за воедначување на казнената политика и деловните книги на Министерството за правда, ревизијата ги утврди следните неправилности:

- Во член 23 од Статутот на Комисијата, предвидено е правило за одржување на седници четири пати во месецот, но не и поврзување на висина на месечниот надоместок со редовност на членот на одржаните седници. Имено, од извршениот увид во евиденцијата за редовност на членовите на

[4] Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната („Службен весник на РМ“ бр.199/2014)

Комисијата, заклучивме дека во горенаведениот период, само во два месеци биле одржани четири седници, при што во седум месеци бројот на одржани седници бил една, две или воопшто немало седници;

- На ревизијата не и беа доставени на увид записниците од работата на седниците на Комисијата, иако одговорното лице во Министерство за правда информираше дека истите уредно биле водени. Оваа состојба не е согласно членовите 39, 40 и 41 од Статутот на Комисијата и не овозможува ревизијата да се увери во нивното постоење;
- Во член 6 од Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, определени се бројни надлежности на Комисијата во насока на воедначување на казнената политика, при изрекувањето на казните од судовите во Република Македонија преку пропишување објективни критериуми за одредување на видот и одмерување на висината на казната. Со извршениот увид во Програмата за работа на Комисијата за 2016 година, Шестмесечниот извештај за првата половина од 2016 година и Годишниот извештај за 2016 година, ревизијата утврди дека Комисијата постигнала определени резултати во следење и анализа на казнената политика на судовите во Република Македонија, но не обезбеди докази за постигнати резултатите во останатите нејзини надлежности кои се однесуваат на: предлагање мерки за обезбедување на сигурност и правичност во исполнувањето на целите на казнувањето, доставување предлози за изменување и дополнување на Кривичниот законик и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната и предлози и укажувања за начинот на воедначување на казнената политика.

Во ноември 2017 година, со Одлука У. Број 169/2016-0-1 од 16.11.2017 година Уставниот суд на Република Македонија го укина Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, со образложение дека постоењето на ваков закон значи мешање на законодавната власт во судската власт, што не е согласно уставно загарантираното начело на поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија. Поради тоа, ревизијата не дава препорака за постапување.

4.1.9. Со Одлука донесена од Влада на Република Македонија бр.51-7683/1 од 28.12.2010[5] година формирана е Комисија за изготвување на граѓански законик на Република Македонија составена од постојани членови, членови по функција и надворешни членови. Членовите се поделени во работни групи чија цел е да ги изготват Книга 1 - Општ дел, Книга 2 - Стварноправни работи, Книга 3 - Облигациони односи, Книга 4 - Наследноправни односи и Книга 5 - Семејноправни работи. Во текот на 2016 година за работата на Комисијата

[5] Одлука за формирање на Комисија за изготвување на граѓански законик на Република Македонија („Службен весник на РМ“ 4/2011)

исплатени се вкупно 497 илјади денари на работните групи кои работеле на Книга 3 и Книга 4. Со извршениот увид во деловните книги на Министерството за правда и направениот увид во документацијата ревизијата ги констатира следните неправилности:

- Надоместоците се исплатени врз основа на решение донесено од страна на министерот за правда, при што висината на исплатените надоместоци на членовите на Комисијата е различна и варира од 12 до 70 илјади денари. При тоа на ревизијата не и беа презентирани реални и мерливи критериумите врз основа на кои се определени износите на надоместоците, поради што не сме во можност да ја потврдиме оправданоста и реалноста на истите;
- Комисијата не постапила согласно точка 16 од Одлуката за формирање на Комисија за изготвување на граѓански законик на Република Македонија, односно на секои три месеци не поднесувала писмен извештај за својата работа до Министерството за правда, кое имало обврска понатаму да го достави до Владата на Република Македонија. Известувањето до надлежните институции било годишно;
- Во точка 19 од Одлуката за формирање на Комисија за изготвување на граѓански законик на Република Македонија, определено е Комисијата својата работа да ја заврши во рок од пет години од денот на влегување во сила на одлуката, односно најдоцна до крајот на јануари 2016 година. Од доставените годишни извештаи и Извештајот за напредокот во подготовката на Граѓанскиот законик на Република Македонија за 2016 година, ревизијата утврди дека работата е делумно завршена, односно ниту една книга не е завршена, некои од нив се во понапредна фаза на изготвување и тоа Книга 3 и Книга 4, за Книга 1 се уште не е изготвен нацрт-текст, а за Книга 2 Комисијата нема информации за напредокот во работата.

Отсуството на реални и мерливи критериуми за определување на висината на надоместоците, ненавремено завршување на планираните активности и нередовно доставување на информации за сработеното, претставуваат ризик за неосновано и ненаменско користење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорното лице во Министерството за правда да преземе мерки за:

- донесување на подзаконски акт со кој ќе се утврдат критериуми за начинот на определување на надоместоците за членовите на Комисијата;
- интензивирање на работата и определување на краен рок за завршување на истата и
- редовно изготвување и доставување на тримесечни извештаи за работата на Комисијата.

4.1.10. Во 2016 година исплатени се 4.159 илјади денари за репрезентација во вид на угостителски услуги. Дел од овие средства, 45% (1.887 илјади денари) се исплатени на бифето при Министерството за правда согласно постоечки ценовник, а 55% (2.272 илјади денари) во други угостителски објекти.

Со увид во сметководствената евиденција и доставената документација ревизијата ги утврди следните состојби:

- Правото и начинот на користење на средствата за репрезентација не се утврдени со акт донесен од страна на одговорното лице на субјектот, што не е согласно член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, според која раководителот на субјектот е одговорен покрај останатото да воспостави организациска структура и да донесе процедури за работа со кои ќе се обезбеди правилно и законско функционирање на контролите при наменско и законско користење на средства;
- Исплатени се средства за репрезентација во вкупен износ од 1.300 илјади денари кои се користат од вработени лица без соодветно овластување од министерот, за потреби кои не се наменети за редовно работење на министерството и обавување на неговата дејност и на начин кој не овозможува потврдување на бројот на лица корисници на репрезентација и оправданоста на настанатите трошоци, што не е во согласност со одредбите на член 2 од Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2016 година, со кој е уредено дека буџетските корисници имаат должност буџетските средства да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно (Прилог 1).

На крајот на јануари 2017 година донесен е Правилник за користење на средствата за репрезентација во Министерството за правда, со кој е уреден начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата, одговорноста за наменското користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за нејзино користење. Во актот е наведено дека поединечните лимити за корисниците се определуваат со посебни решенија донесени од страна на министерот и истите се донесени во јануари 2018 година.

**Препорака**

Одговорното лице во Министерството за правда да обезбеди услови за примена на актот за репрезентација и да воспостави контрола на примената на неговите одредби.

### 4.2. Користење на средствата согласно законски прописи

4.2.1. Со увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2012, 2015 и 2016 година, врз основа на кои се преземени обврски во 2016 година, извршивме ревизија на 14 постапки за јавни набавки, со што опфативме 67% од преземените обврски кои

подлежат на ЗЈН, односно во вкупен износ од 61.878 илјади денари, при што ги констатиравме следниве состојби:

- Преземени се обврски во износ од 757 илјади денари за набавка на услуги без да бидат спроведени постапки за јавна набавка што не е во согласност со член 17 од ЗЈН (Прилог 2);
- Врз основа на склучени договори со повеќе економски оператори, извршена е исплата во износ од 693 илјади денари за набавка на резервни делови и одржување - сервисирање на моторни возила со кои располага министерство. По тој основ, 67% од средствата или 464 илјади денари се исплатени на два економски оператори. Со извршениот увид во деловните книги на министерството и реализацијата на склучените договори со овие економски оператори, ревизијата констатира дека, поголем дел од доставените фактури содржат резервни делови кои не се предвидени во техничката спецификација составен дел на склучените договори (362 илјади денари). Исто така, во договорите, не се предвидени одредби за начин на постапување во случај на замена на резервни делови кои не се предвидени во техничката спецификација, со што би се обезбедила реална пазарна вредност на истите, како и писмено одобрување од одговорно лице во Министерство за правда за набавка во ваков случај. Горенаведените состојби не се во согласност со член 165 став 1 од ЗЈН и член 10 од Законот за облигационите односи.

Утврдените состојби создаваат ризик од несоодветна примена на одредбите од ЗЈН и незаконски и несоодветно користење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорните лица да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки, континуирано да ги преземаат потребните активности за навремено доделување на договори за јавна набавка, а нивната реализација да се врши согласно техничките спецификации кои се составен дел на склучените договори.

4.2.2.За набавка на реконструкција и адаптација на северната фасада и реконструкција и доградба на дел од просториите на министерството за правда во месец ноември 2012 година доделен е договор за јавна набавка во износ од 178.799 илјади денари и склучени се пет анекси на договорот во износ од 32.105 илјади денари за набавка на дополнителни, непредвидени и зголемени количини на работа како и за регулирање на вишоци и кусоци на работи. Во текот на 2016 година по овој основ преземени се обврски во износ од 49.152 илјади денари, а со извршениот увид во начинот на кој е спроведена постапката како и нејзината реализација ги констатиравме следниве состојби:

- Дел од минималните услови за докажување на економска и финансиска состојба и техничка и професионална способност на економските оператори, кои се предвидени со тендерската документација, не се

пропорционални со предметот на набавката. Имено, наведените критериуми упатуваат на исполнување на вредносни прагови за минимум остварени приходи и висина на склучени договори во претходни години, како и број на вработени лица кој е повисок од предвидениот за добивање на лиценца за изведување на градби од прва категорија согласно Законот за градење, што придонесува да се постигне ограничувачки ефект на конкуренцијата при спроведувањето на оваа постапка. Горенаведеното не е во согласност со членовите 2, 144 став 2, 150 и 153 став 3 од Законот за јавни набавки (Прилог 3);

- Со тендерската документација се предвидува, критериум за доделување на договорот да биде економски најповолна понуда која е составена од елементите најниска цена - 80 бода и рок на извршување на договорот 20 бода. Од приложените документи утврдивме дека економскиот оператор кому му е доделен договорот за јавна набавка, во својата понуда дал рок од 10 месеци за извршување на работите за што добил и максимален број на бодови при евалуацијата на понудите, но договорот го реализирал дури во месец октомври 2016 година, што претставува пролонгирање на рокот на изведување на работите за три години. Поради наведеното се доведува до прашање оправданоста на користење на ваков вид на критериуми за доделување на договорот, дотолку повеќе што со Одлуката за јавна набавка е предвидено дека се работи за повеќегодишна набавка која ќе се спроведува во текот на 2013, 2014 и 2015 година. Утврдената состојба упатува на тоа дека рокот на извршување на договорот како критериум за доделување на договорот може да има ограничувачки ефект на конкуренцијата, што не е во согласност со член 2 од Законот за јавни набавки. Со извршениот увид во начинот на кој е спроведена евалуацијата на понудите констатиравме дека, горенаведениот критериум немал пресудно влијание при изборот на најповолна понуда од доставените.

Начинот на кој е спроведена оваа постапка создава ризик од несоодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, фаворизирање на одредени економски оператори и несоодветно користење на буџетски средствата.

**Препорака**

Одговорните лица континуирано да преземаат потребни активности со цел обезбедување на конкуренција, еднаков третман и недискриминација меѓу економските оператори при утврдување на критериумите и минималните услови за учество во постапките за јавна набавка.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1. и 4.2., кои се основ за изразување мислење, се :

- нецелосно извршен попис на средствата и обврските и неевидентирана опрема, утврдени од страна на Комисијата за попис по извршените пописни активности за 2016 година;
- необезбедени веродостојни документи за потврдување на вредноста на дел од градежните објекти искажани во билансната и вонбилансната сметководствена евиденција;
- ненавремено сметководствено евидентирање на дел од обврските спрема добавувачите;
- преземени обврски за исплата на средства за формирање на ПИАЦ без поседување на сигурни и веродостојни податоци за исполнетост на условите;
- неправилности поврзани со трошоците за плата и надоместоци за плата, доказите за степенот на образование во дел од персоналните досиеја од вработените, начинот на оценување и степенот на реализацијата на планот за обуки на административните службеници;
- неправилности поврзани со трошоците за гориво и репрезентација;
- при реализацијата на активностите од страна на Комисијата за воедначување на казнената политика и Комисијата за изготвување на граѓанскиот законик не се постапува согласно основните акти кои го уредуваат начинот на нивното работење и
- преземени се обврски без спроведување на постапки за јавни набавки и несоодветно се употребени критериуми во начинот на докажување на техничката и професионалната способност во една спроведена постапка за јавна набавка.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за правда на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за правда, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Во член 17 од Закон за организација и работа на органите на државната управа покрај тоа што се определуваат надлежностите и работата на Министерство за правда, наведени се Управата за извршување на санкции и Бирото за судски вештачења како органите во нејзин состав со својство на правно лице. Во овој член не се наведени уште две правни лица Бирото за застапување на РМ пред Европскиот суд за човекови права и Управа за водење на матичните книги, кои исто така се органи во состав на министерството.
Наведеното укажува на потребата од дополнување на одредбите од Закон за организација и работа на органите на државната управа и конкретно определување на правните лица кои се во состав на Министерството за правда.

6.2. Согласно членовите 8, 9 и 10 од Законот за финансирање на политички партии, утврден е начинот на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија. Средствата во утврдениот износ се планираат во разделот на Министерството за правда за секоја фискална година. За трансферот на средствата за 2016 година, како и за претходните години, Министерството за правда изработува поединечни решенија кои се доставуваат до политичките партии. Во 2016 година, по тој основ исплатени се 85.940 илјади денари.
За потребите на годишното финансирање донесено е Упатство[6] со кое како надлежен одговорен орган за пресметка и распределба на средствата е утврдено Министерството за финансии. Упатството не е усогласено со одредбите од Законот за финансирање на политички партии, во кој со измените од 2011 година како надлежен орган за планирање, пресметка, носење решенија и трансфер на средствата за годишно финансирање на политичките партии е Министерството за правда.
Ова укажува на потребата надлежните органи да извршат усогласување на Упатството, како подзаконски акт со Законот за финансирање на политичките партии со цел надминување на утврдената разлика.

[6] Упатство за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политички партии (Службен весник на РМ бр.59/05, 73/07, 52/10) и Одлука на уставен суд У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година (Службен весник на РМ бр.132/2011)

6.3. Со одредбите во членовите 16, 25, 26 став 3 и 27 од Законот за финансирање на политичките партии[7], определени се дел од обврските кои политичките партии треба да ги исполнат, а кои се однесуваат на висината и потеклото на примените донации, доставување годишна сметка за финансиско работење до надлежните институции, изготвување на извештај за добиени донации и годишен финансиски извештај за претходната година и нивна достава до надлежните институции најдоцна до 31 март во тековната година. Доколку политичката партија не постапи по овие законски обврски, во членовите 28 и 29 од Законот за финансирање на политичките партии предвидена е глоба за сторен прекршок.

Независно од прекршочната одговорност, во член 27-б од Законот е уредено, доколку политичката партија не ги испочитува наведените обврски и постапи спротивно на законските одредби, да се запре (суспендира) исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија. Запирањето на исплатата трае до уредно исполнување на обврските од страна на политичката партија. Овие активности се проследени со донесување на одлука од страна на министерот за правда, а по претходно доставен предлог од Државен завод за ревизија.

Во текот на 2016 година од сметката на Министерството за правда исплатени се 10.162 илјади денари на осум политички партии, кои во минатите години биле суспендирани поради неисполнување на горенаведените законски обврски, при што по нивното исполнување забраната за исплата на средствата била запрена. Со увид во доставената документација, ревизијата констатира дека суспензијата на политичките партии се однесувала на недоставени извештаи од регистарот за примени донации, годишни сметки и/или годишни финансиски извештаи кои се однесувале за 2013 година (една политичка партија), за 2014 година (пет политички партии) и за 2015 година (две политички партии).

Ревизијата смета за потребно да истакне дека, законските одредби дозволуваат запирање на забраната за исплата на средства „по уредно исполнување на обврските“, при што во законот не е конкретно дефинирано што се подразбира под зборот „уредно“ и нема прецизен рок. Истовремено, оваа одредба е спротивставена на одредбите во членовите 25 и 27 од Законот за финансирање на политичките партии каде конкретно е назначен датумот до кој најдоцна треба да се достават извештај за добиени донации и годишен финансиски извештај за претходната година. Задоцнетото исполнување на обврските ја намалува употребната вредност на доставените извештаи и транспарентноста при информирањето.

Сметаме дека е потребно да се иницираат активности за анализа на ефектите кои се постигнуваат со суспендирање на политичките партии кои ненавремено

[7] Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр.76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13)

ги исполниле своите обврски и конкретизирање на рокот до кои истите може да се исполнат.

6.4. Во 2016 година од сметката на Министерство за правда исплатени се 1.700 илјади денари на име награда за работа на постојните судски преведувачи за извршени преводи на судски исправи. При тоа, за извршен превод од странски на македонски јазик на преведувачите им се исплаќале 220 денари од страна, додека од македонски на странски јазик 270 денари од страна.

Со увид во регулативата која ја уредува оваа област, ревизијата констатира дека недостасува законски и подзаконски основ за определување на висината на исплатените средства и начинот на избор на преведувач од именикот на постојани судски преведувачи.

Имено, како основ за наведените исплати и дефинираните износи, надлежното лице во Министерство за правда, го посочи Правилникот за надоместок на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи, донесен врз основа на член 53-б од Законот за редовните судови[8], кој од август 1995 година е вон сила. Меѓу другото, износите кои се наведени во Правилникот се искажани во „динари“. Со денот на престанок со важност на Законот за редовните судови, започнува да важи прво Закон за судовите донесен во 1995 година, а потоа и Закон за судовите донесен во 2006 година. Во ниту еден од двата закони не се предвидени одредби со кои се регулира наградата за работа на постојани судските преведувачи, како и начинот на нивен избор од именикот на постојани судски преведувачи, со цел да се избегне субјективизам при одлучувањето.

Горенаведеното укажува на потребата надлежните органи да преземат активности за дополнување на законската регулатива во насока на донесување на подзакони акт со кој се уредува начинот на избор на преведувачи од именикот на постојани судски преведувачи и одредување на висината на нивната награда.

6.5. Во одредбите од глава седумнаесетта од Законот за правда на децата уреден е начинот на формирање и функционирање на Државниот совет за превенција на детско престапништво. Државниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од пет години, со право на повторен избор. Членовите на Државниот совет имаат право на месечен надоместок за работењето во советот во висина на 20 проценти од просечната бруто плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Македонија. Во 2016 година, на име надоместоци за членови на Државниот совет исплатени се 1.247 илјади денари, при што во одредбите од законската регулатива не е уредено висината на месечниот надоместок на членовите да е поврзана за

[8] Законот за редовните судови ("Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 9/78, 46/82, 11/87, 24/88, 10/90, 11/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 55/91)

нивната редовноста на одржаните седници, поради што членовите го добивале месечниот надомест независно од својата активност и ангажман.

Ваквиот начин на постапување преставува ризик за неосновано и ненаменско користење на буџетски средства, поради што неопходно е надлежното лице во Министерство за правда да преземе иницијатива за дополнување на Законот за правда на децата и уредување на делот кој се однесува на исплатата на надоместоци со воспоставување на мерливи критериуми за сработеното и активноста на членовите.

6.6. Сметаме за потребно да обелодениме дека со ревизијата беа опфатени клучните документи (договори, анекси кон договорот, полиси за осигурување, гаранции и нивно продолжување, мислења/одобрувања/извештаи од надзорниот орган, координаторот, а во некои случаи и од проектантот) кои се однесуваат на градењето на градбата - Нова судска зграда за Кривичниот суд на Република Македонија и реконструкција и адаптација на Северната фасада и реконструкција и доградба на дел од просториите на објектот на Министерство за правда во Скопје. Двата градежни објекти се завршени. Во натамошниот текст подетално ги образложуваме податоците кои се однесуваат на наведените градби.

- Во рамките на Проектот за правна и правосилна имплементација и институционална поддршка при Министерство за правда, финансиран од Меѓународната Банка за обнова и развој - Светска Банка, предвидена била изградба на нова судска зграда на Кривичен суд во Скопје, за која била изработена проектна документација и со Решение бр. 19 УП-761/7 од 31.12.2009 година било добиено одобрението за градење од страна на МТВ. Во октомври 2015 година, основниот проект бил дополнет, за што било обезбедено одобрението за градење од надлежното министерство. На 18 мај 2010 година бил склучен договорот за градежни работи за изградба на Кривичен суд во Скопје меѓу Министерство за правда и градежна фирма, а со градење се започнало на крај на мај 2010 година. Според одредбите во договорот рокот на завршување на градбата бил 18 месеци, односно крајот на ноември 2011 година. Вкупната вредноста на договорот била определена на 465.190 илјади денари со вклучено ддв. Во периодот од јули 2010 година до ноември 2015 година склучени се 26 амандмани, со кои вредноста на договорот е зголемена за 12% (56.956 илјади денари) и истата изнесува 522.146 илјади денари со вклучено ддв. Рокот за завршување на градењето е променет четиринаесет пати, истиот е пролонгиран за 4 години и завршува на крајот на декември 2015 година. До јуни 2012 година проектот бил воден од страна на Меѓународната Банка за обнова и развој - Светска Банка, во кој период биле исплатени 260.996 илјади денари, а финансирањето во најголем дел било од нејзина страна. По извршеното примопредавање на документацијата,

проектот е преземен од Министерство за правда и во натамошниот период, исплатените средства се обезбедени од буџетот на Република Македонија.

Во годината предмет на ревизија, изградбата на зградата на Кривичен суд во Скопје е финализирана, односно во 2016 година исплатена е последната времена ситуација за завршени работи во декември 2015 година во вредност од 3.591 илјади денари и 22.120 илјади денари кои претставуваат половина од средствата што се задржувале од секоја доставена времена ситуација во висина од 10% од нејзината вредност. Останатата половина од задржаните средства е исплатена во 2017 година. Во периодот февруари - април 2016 година изготвен е Завршен извештај за надзор над изведбата на Кривичен суд во Скопје од главниот надзорен инженер и останатите надзорни инженери, извршен е технички прием на зградата, добиено е одобрение за употреба на градбата од надлежното министерство и по доставената потврдата од страна на координаторот било извршено примопредавање на објектот меѓу Министерството за правда и градежната фирма која ги изведувала работите.

Од страна на одговорните лица во Министерство за правда доставена е информација дека во 2017 година поднесено е барање за упис на објектот во катастарот за недвижности, но поради техничка грешка истото било одбиено, поради што објектот во сметководствената евиденција на Министерство за правда се уште се води како материјални средства во подготовка.

Како основи причини за зголемување на вредноста на договорот и големото пролонгирање на рокот од страна на надзорот и координаторот се наведуваат: недостатоци во изведбениот проект, погрешна предмер - пресметка за повеќето позиции, испуштени позиции кои не се предвидени со проектот, неквалитетни проекти решенија, отсуство на детали за многу позиции, неусогласеност на проектот и непостоење на менаџер план за усогласување на фазите (градежно занатски, електрични инсталации, водовод и канализација и машински инсталации). Иако зградата на Кривичен суд во Скопје официјално е завршена во април 2016 година, таа до 31 декември 2017 година се уште не е вселена.

- Во септември 2012 година бил склучен договорот за изведување градежни работи - реконструкција и адаптација на Северна фасада и реконструкција и доградба на дел од просториите на објектот на Министерството за правда во Скопје. По добиеното одобрение за градење бр.20 Уп.1238/11 од 30.11.2012 година од страна на МТВ, градбата била започната кон крајот на декември 2012 година. Проектот на два пати бил дополнуван, поради што во јануари 2014 и август 2015 година, МТВ издало решенија за одобрување на измени во текот на градењето. Согласно одредбите од договорот, рокот за завршување на работите е 10 месеци, односно со градењето требало да се заврши во октомври 2013 година, а вредноста на договорот била определена на 178.799 илјади денари. Во периодот од октомври 2013 година до јули 2016 година склучени биле 10 анекси кон договорот со кои вредноста на договорот е

зголемена за 18% (32.105 илјади денари) и истата изнесува 210.904 илјади денари со вклучено ддв, додека рокот за завршување на градењето е пролонгиран за 3 години и завршува на крајот на октомври 2016 година. Во месец март 2015 година, кога објектот бил 95% завршен, изведувачот банкротирал во матичната земја, поради што работите повеќе од една година биле прекинати. Објектот бил завршен со неговиот правен наследник, кој ја презел реализацијата на преостанатите работи.

Во 2016 година исплатени се средства во вкупен износ од 49.152 илјади денари за извршени работи по три времени ситуации, кои се однесуваат на период март-јуни 2015 година и септември 2016 година. Завршната времена ситуација која се однесува на извршени работи во октомври 2016 година е доставена и исплатена во 2017 година, со што проектот бил финализиран.

Ревизијата констатира дека објектот бил ставен во употреба јуни-јули 2015 година, односно пред обезбедување на сите документи со кои се добива одобрение за употреба согласно одредбите од Законот за градење. Имено, во ноември 2016 година изготвен е Завршен извештај од главниот надзорен инженер, а во јануари 2017 година формирана е Комисија за технички преглед која изготвила Записник за технички преглед во кој била дадена согласност градбата да се прими, по отстранување на одредени забелешки. Во февруари 2017 година МТВ донело одобрение за употреба на градбата, кое во март истата година станало правосилно. Во текот на ревизијата утврдивме дека координаторот на проектот до Министерството за правда не доставил Потврдата за завршување на работите на објектот, бидејќи дел од системот за ладење и греење во некои простории во објектот не функционира, а недостатоците од страна на изведувачот не се отстранети. Поради тоа, не е можно да се постапи согласно член 95 од Законот за градење[9], односно изведувачот и инвеститорот не извршиле примопредавање на градежниот објект, а објектот во сметководствената евиденција на Министерството за правда се уште се води како материјални средства во подготовка.

Како основи причини за зголемување на вредноста на договорот и големото пролонгирање на рокот се: утврдени недостатоци во основниот проект испуштени и грешни позиции во доставените предмер - пресметки, појава на непредвидени и дополнителни активности за отстранување на проектните недостатоци, ненавремени одговори за одобрувања/одбивање на промените од проектантите, инвеститорите и надзорниот орган, несоодветни временски услови за градење и стечај на изведувачот.

[9] Законот за градење („Службен весник на РМ" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16 Одлука на Уставен суд, 132/16 ).

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 352.380 | 362.971 |
| **Вкупно приходи** | **352.380** | **362.971** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 90.972 | 93.489 |
| Стоки и услуги | 58.639 | 56.044 |
| Субвенции и трансфери | 101.118 | 118.613 |
| **Вкупно тековни расходи** | **250.729** | **268.146** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 101.651 | 94.825 |
| **Вкупно капитални расходи** | **101.651** | **94.825** |
| **Вкупно расходи** | **352.380** | **362.971** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 201 | 355 |
| Активни временски разграничувања | 62.899 | 89.523 |
| **Вкупно тековни средства** | **63.100** | **89.878** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 3.731 | 1.413 |
| Материјални добра и природни богатства | 299.646 | 298.386 |
| Материјални средства | 243.233 | 247.623 |
| Материјални средства во подготовка | 812.129 | 713.952 |
| **Вкупно постојани средства** | **1.358.739** | **1.261.374** |
| **Вкупна актива** | **1.421.839** | **1.351.252** |
| | | |
| **Вонбилансна актива** | **573.175** | **579.854** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 33.347 | 37.949 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 22.120 | 43.908 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 9 |
| Обврски спрема државата и други институции | 78 | 137 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 7.353 | 7.520 |
| Пасивни временски разграничувања | 202 | 355 |
| **Вкупно тековни обврски** | **63.100** | **89.878** |
| **Извори на средства** | | |
| Државен јавен капитал | 1.332.641 | 1.235.276 |
| Ревалоризациона резерва | 26.098 | 26.098 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1.358.739** | **1.261.374** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **1.421.839** | **1.351.252** |
| | | |
| **Вонбилансна пасива** | **573.175** | **579.854** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Ревалоризационa резерва** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2016 година** | **907.628** | **327.648** | **26.098** | **1.261.374** |
| **Зголемување по основ на:** | **107.214** | **1.260** | - | **108.474** |
| Набавки во текот на годината | 5.208 | - | - | **5.208** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 98.177 | | | **98.177** |
| Неевидентирани средства во минатото | 2.665 | 1.260 | - | **3.925** |
| Преотстапен/а објект/опрема | 1.158 | - | - | **1.158** |
| Набавка на ситен инвенар | 6 | - | - | **6** |
| **Намалување по основ на:** | **11.109** | - | - | **11.109** |
| Расходи и отугувања | 4.140 | - | - | **4.140** |
| Преотстапен/а објект/опрема | 984 | - | - | **984** |
| Амортизација | 5.979 | - | - | **5.979** |
| Ситен инвентар во употреба | 6 | | | **6** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Состојба 31.12.2016 година | 1.003.733 | 328.908 | 26.098 | 1.358.739 |